**оригинален научен труд**

**УДК: 316.75:[821(497):398.47**

# КУЛТУРОЛОШКИ ИНТЕРПРЕТАЦИИ НА МЕТАФОРАТА ВАМПИРИЗАМ НИЗ ДИСКУРСОТ НА СОВРЕМЕНАТА БАЛКАНСКА КНИЖЕВНОСТ[1]

**Николинка Нолевска**

*Постдипломка на Институтот за македонска литература, Скопје, Македонија*

**Keywords:** vampire, myth, metaphor, Balkan, Slavko Janevski, Borislav Pekić, Boris Perić, society, culture, folklore, ideology, soul, power, the Other, Otherness

**Summary:** The vampire, as a cultural category, symbolizes the cyclical transformation of survival amidst living and non-living surroundings. Due to its continuous transformational powers, this figure needs to be analyzed within the parameters of global cultural memory. This paper focuses on the mythical framework of the vampire figure, particularly within contemporary literary discourse. This paper ties to examine the presence of this mythical figure in the literary memory of contemporary Balkan literatures, by taking a closer look at *The Legions of St. Adofonis* by Macedonian writer Slavko Janevski, *How to Kill a Vampire* by Serbian writer Borislav Pekić, and *The Vampire* by Croatian writer Boris Perić. Hence, the chronology of the Balkans seems most desirable for the overflow of the vampire's mythical attributes, without and beyond various cultural segments. This figure has thus been situated at the center of contemporary literature, and contemporary processes such as postcolonial criticism, globalism, multiculturalism, i.e., the meaning of the vampire rises beyond the trivial.

**Клучни зборови:** вампир, мит, метафора, Балкан, Јаневски Славко, Пекиќ Борислав, Периќ Борис, општество, култура, фолклор, идеологија, душа, моќ, Друг и Другост,

**Резиме:** Вампирот како културолошка категорија ја симболизира цикличната преобразба на опстојувањето и на живата и на неживата опкруженост. Разгледувана во различни контексти оваа фигура претрпува континуирани трансформации во своето значење во рамки на светската и локалната културна

[1]Овој текст претставува обраќње и резиме од истоимениот магистерски труд, одбранет на Институтот за литература при УКИМ – Скопје, на 21.10.2013 г. Трудот беше изработен под менторство на проф. д-р Јасмина Мојсиева-Гушева.

меморија. Тргнувајќи од митската рамка и завршувајќи во рамките на современиот книжевен дискурс, вампирот градациски ја надградува атрибутивноста. Обидот да се прикаже пробивањето на оваа митската фигура во книжевната меморија е сконцентриран врз дискурсот на три книжевни творби од современата балканска книжевност: „Легионите на свети Адофонис“ од Славко Јаневски, „Како да се упокои вампирот“ од Борислав Пекиќ и „Вампир“ од Борислав Периќ. Притоа хронотопот Балкан се чини најподатен за континуирано прелевање на атрибутите на митот за вампирот помеѓу различните културни сегменти. Опфаќајќи ги современите книжевни и општественосоцијални струења: постколонијализмот, глобализмот, мултикултуралноста итн. значењето на вампирот добива потенцијал да се издигне над тривијалноста.

Идејата да се истражува и да се работи на темата вампир произлегува од стремежот да се укаже на процесот на надградба и проширување на капацитетите што ги нуди митската фигура-вампир, поточно од предиспозициите за оваа фигура што ни ги нуди оската тривијално-научно, разгледувани од културолошки аспект. Но, во текот на создавањето на овој запис, вампирот ги надрасна претпоставените граници и се вгнезди во зафатнината на метафоричното, така што им придаде нов призвук на прашањата за идентитетот, на езотеричните прашања за човековото битствување и суштествување. Се зафативме со навидум наивна и необична интерпретација, интерпретација на еден културно табуизиран мит и лик, каков што е всушност и ликот и митот за вампирот.

Лоцирајќи го вампирот како *метафорична фигура за граничноста,* во комплексноста што се разгрнува пред нас, ја вклучуваме *потрагата по идентитетот* како секогаш актуелна компонента на човековото општествено опстојување. Притоа, се разоткриваат вечните прашања за човековото суштествување, т.н. „смртни прашања“ во Кантеовска смисла: „Што можеме да знаеме?; Што треба да правиме?; На што можеме да се надеваме?...“ сублимирани во едно секогаш актуелно, синтетизирано прашање: „Што е човекот?“

Вметнувајќи ја, пак, метафората за вампирот во мозаикот на актуелните општественосоцијални струења и научни теории, првенствено во книжевниот дискурс, ја разгледуваме истата имајќи ги предвид глобализмот, постколонијалната критика, теоријата на деконструкцијата, постмодернизмот, мултикултурализмот и сл. Вака разгледуваната метафора ја наметна *дијалектиката* на вампиризмот која се втемели врз релациите кои се воспоставуваат помеѓу прогонувачот и прогонуваниот, помеѓу агресорот и жртвата. Воспоставувај-

ќи ги овие релации ги докоснуваме *идеолошките теории за моќта, доминацијата и владеењето*.

Истражувањето на вака необичните потенцијали што ги нуди метафората вампир од културолошки аспект ги разгледуваме во три етапи.

Најпрво правиме обид да се лоцираат стартните позиции поврзани со митот за вампирот, и тоа пред сé на Балканот - во хронотопот од кој вампирот изникнал, а потоа, заради својата популарност, зазема место и во рамки на човековата историја и во неговата културна меморија. Она што претставуваше, условно речено, опиплив материјал за појдовна анализа, го лоциравме во „детството на човештвото" впишано во митот, во религијата, во традицијата, во колективната генеза – во фолклорот. При тоа постојано го имавме предвид културолошкиот процес на трансформација на ликот на вампирот од фолклорен во книжевен. За таа цел, вампирот го разгледуваме во еден референтен систем, преку соодветните детерминанти: *дијахроничноста* како еден општ аспект којшто митот го вклучува во редот на приказните, *синхроничноста* - за да се обележи темата што ја третира митот, а *изотопизмот* (изоморфизмот) овозможи приближување до определбата на неговата структура. Друга детерминанта е и воведувањето на *ритмичното повторување* (според Ќулавкова,2007:335) како една од важните карактеристики на секој мит, но и во контекст на неговите одделни интерпретации и во оваа анализа, со што се истакнува *метафоричната илустрација на митската моќ* (според Урошевиќ, 1988: 181-195).

Третирајќи некои прашања поврзани со вкоренетоста на митот за вампирот во културите, се соочуваме со моќта на митот „да биде средишна обликотворна сила на книжевноста" (според Бојаџиевска /Ќулавкова, 2006:337). Тргнуваме од „рудиментите на човековото детство" – митовите за крвожедните припадници на пантеоните. Анализата потоа продолжува преку опстојбите во народните творби, преку чија наративност и авторитативност, митската фигура на вампирот можеме да ја следиме како станува „заложник" на „перформативната синтакса или паратаксичноста на усноста". Овој пристап го воведува митот, во т.н. „наративно знаење" на Лиотар, односно во перформативноста на денешниот јазик.

Разгледувајќи го сегментот за *Древните верувања и култови поврзани со иконографијата на вампирот,* низ една прелетна компарација за вампирот кај античките народи, во источниот пантеон и во семитските верувања, укажуваме на идентична митска компонента. Оваа компонента се покажа обликотворна во креирањето на митски

приказни (како и оние за вампирот), во кои непослушноста, бунтовноста и непокорноста (кажано со „современ“ вокабулар: еманципацијата и индивидуализмот) се „казнети“ со екскомуникација, или протерување, и тоа не само од општествената средина, од воспоставениот Космос, туку и со индикативно настојување такви активности да се избришат и од колективното паметење. Како најиндикативна тука ја споменуваме приказната за Лилит – „мрачната“ мајка, која е поврзана со приказната за вампирот. Второ прашање е создавањето на критичното ниво, време и простор, кога вампирот од преовладувачката фигура со феминативна иконографија первертирал во фигура сета во знакот на устроената моќна машка симболика.

Посебно инспиративни изгледаат белешките и можните компарации на вампиристичкиот лик со култот и ликот на *Дионис – јужнобалканскиот бог на староседелците кој на луѓето им дарувал живот по смртта.* Овој бог исто така може да се определи со категоријата граничност, затоа што неговата дивинизација ги претставува „судирот“, но и „синкретизмот на небесните и хтонските култови“ на граничното балканско поднебје, посебно во егејскиот локус. Проучувачите сметаат дека Дионис е божеството кое било обожувано од староседелското население посебно во Егејскиот дел на Балканскиот полуостров. Низа археолошки и други пронајдоци говорат дека уште во неолитот на просторите на Егејот, домицилното население ги почитувало своите хтонски божества (според Дуев,2010: 58).

*По наводите на белешките за „присуството“ на вампирот уште во античката култура и религија, нашата „потрага“ по вампирот продолжува низ средновековниот Балкан.* Во средновековниот период, Балканскиот полуостров е зафатен со фреквентни движења и миграции на народите, при што се одвивале суштински културолошки прелевања и синтетизирање на компонентите на античкиот политеистички систем во стариот век и верувањето на Словените во раниот среден век кое одвај се наоѓало за степен над полидоксијата (култот кон природата) (според Lovmjanjski,1996:44).

Според етнографските бележења, називот *вампир* бил туѓ и за доселениците - Словени на Балканот. Но, „јужните Словени ... на Балканот се сретнале со постар културен супстрат, така што Словените не можеле да не ги преземат неговите елементи“ (Ib.,1996:64). Два процеса во словенската религија кои се одвивале по населувањето на Балканот се поврзани со вампирот: процесот на стратификација на словенската религија и *процесот на транслокација на душите во подземното царство*. Овој процес претставува подоцнежна инвенција, противречна на прагматичната проторелигија, или според Ловмјањски,

*судир меѓу логичкото размислување и фантазијата* која била потребна за да ги оддели телото и душата, и душата да ја подготви за попријатна судбина после смртта. А тоа е поврзано и со напредокот на културата кој условил и поподносливи решенија од есхатолошкото.

Бројни *протоверувања и култови поврзани со вампирот се сочувале во современите балкански народни верувања како што е верувањето во натприродни суштества: вампири, нави и сл, култот кон душите на умрените предци итн.,* што е поврзано со процесот на стратификација во словенската религија. *Во нивната суштина лежи изворната нитка од времето на прелевањето на два културни супстрата, според која,* боговите во „природните“ религии (каква што била и словенската), не е методски да се делат според моралните особини – сите тие можат да бидат и добри и зли, во зависност од околностите и за кого станува збор (според Чајкановић,1973). Затоа демоните, често, во словенската традиција, се опишани како „добродушни, ретко опасни, какви што се *вампирите* или како оние на кои за време на земниот живот им била нанесена некаква неправда ...“ (според Lovmjanjski,1996:247).

Разгледувајќи некои лингвистички варијации и етимолошки согледувања на тема вампир во регионот на јужен Балкан**,** ќе констатираме дека во основата на овој назив се наоѓа именката *пир* (гозба, пијанка) произлезена од глаголот *пие,* па тој означува *демон кој пие и ја испива крвта* (според хрватскиот етимолог Петар Скок, 1972/73.660, или според српскиот фолклорист Милан Будимир, 1969:165-192). Лингвистички форми за вампир разгледуваме и според „Бугарскиот етимолошки речник“ (Георгиев, Гълъбов, Заимов, Илчев, 1962:117). Според толкувањата во овој речник постојат две причини за разнообразноста на формите за вампир кај словенските народи: како резултат на неправилен фонетски развој, и заради специфичниот карактер на зборот, кој најчесто бил табуизиран.

Подоцна, зборот *вампир (откако формата се зацврстила со зачувување на назалниот елемент и во прасловенскиот и во старословенскиот јазик)* широко се распространува во речиси сите европски јазици, благодарение и на некои историски настани од регионот на Јужна Србија поврзани со вампири кои се случиле во текот на 18 век и кои биле објавени во европските весници.

Во овој сегмент ги разгледуваме и наводите за етимологијата на зборот вампир и кај рускиот етимолог Чорнех (Черных,1999:135), за кого, *вурдалакот* е покојник кој ноќе излегува од гробот и им ја цица крвта на луѓето, метафорично нарекувајќи го *крвопиец* и *суров тиранин.* Потоа Чорнех наведува низа називи за *вампирот* во

словенските јазици - при што децидно, и називи во македонскиот јазик: вампир, вампири се – *да стане вампир*. Чорнех констатира дека називот *вампир* во рускиот јазик навлегол во 18-тиот век и тврди дека **во рускиот јазик, како и во западнословенските јазици, називот *вампир* „навлегол од јужнословенските земји, каде што одамна бил познат“,** притоа наведувајќи ја старословенската форма *вжпырь* (според Черных,1999:135).

За жал, немаме можност за подлабоки понирања во македонската етимолошка ризница во потрага по вампирот, затоа што *Македонски етимолошки речник* сѐ уште е во фаза на изготвување. Затоа македонските искуства во проучувањето на митската фигура на вампирот ќе се сведат на забелешки од материјалите за македонската фолклорна традиција. Не може да се заобиколи творештвото и собирачката дејност на Марко Цепенков, чиишто запишани верувања и митски преданија за вампири, се објавени во 1972 година, од истоимениот Институт за фолклор во Скопје, во деветата книга од Цепенковото собрано творештво, под наслов „Народни верувања, Детски игри“.[2] Како запишувач на македонски народни приказни за вампири би го спомeнале и Кирил Пенушлиски кој во *Зборникот* посветен на народната култура на Македонците од Егејска Македонија објавува низа приказни со мотиви за вампирот. Во редот на македонските фолклорни проучувања би го спомeнале и трудот на Зоранчо Малинов „Посмртните обичаи во брегалничката област“ (Малинов,2001:181), во кој се пронаоѓаат верувања во вампири и во вампиризам во источните предели на Македонија. Но останува констатацијата дека поопстојно истражување на народните преданија за вампири во Македонија бележиме само во трудот од Вражиновски и Спировска (Вражиновски,Спировска,1988:98), а друго посериозно (фолклорно, етимолошко, етнолошко, археолошко и сл.) истражување за присутноста на вампирот во Македонија отсуствува.

Во овој труд, обидот да се разоткрие Вампирот и неговата трансформација од фолклорен во книжевен лик, ќе наметне согледувања и во поширока - континентална рамка, така што

[2] Притоа се наметнува констатацијата дека, сепак, вампирот како карактеристично демонско суштество многу малку е проучуван во македонската фолклористика и етнологија, а особено во обласа на етимологијата, освен проучувањата на македонски терен, главно, направени од странски истражувачи, и тоа од соседните балкански земји: Верковиќ, српскиот проучувач Тихомир Ѓорѓевиќ (Ђорђевић,1953), Чајкановиќ, како и објавувањето на македонски преданија за вампири во Бугарија, собирани од пиринскиот дел на Македонија, во осумдесетите години на 20-тиот век (Даскалова, Добрева, Коцева, Мицева,1985, 376-381).

неопходно беше да се истакне појавата на готиката како правец во книжевноста, уметноста и културата во Европа, и нејзиното прикрепување врз фолклорните приказни за вампирите, како и најзначајните културолошки придобивки од развојот на овој правец[3].

Во релацијата помеѓу вампирот и културната меморија пронаоѓам компоненти на постколонијалната критика како една од актуелните книжевни и културни теории, зашто популарноста на вампирот како лик никогаш не згаснала. Бројни карактеристики на вампирот стануваат интересни од аспект на воспоставувањето релација кон Другиот. Процесите на трансформирање и еуфемизација на одредени атрибути на вампирот можат да се третираат како придонес кон подигање на прагот на толеранција во општествените односи. Овие процеси добиваат значење на апелациона категорија насочена кон Другиот (на пр., кон политичкиот Друг, или докоснуваат одредени сегменти од родовата проблематика и проблематиката на маргинализираните општествени групи). Создавањето на таква апелациона категорија води кон воспоставување еквиваленција и надминување на угнетувачкиот потенцијал во актуелниот општествен етичко-политички контекст, и тоа особено во оние општества во кои е загрозен процесот на демократизација (според Спивак,2003).

Во издвојувањето на доминантните атрибути на вампирот и нивната симболичност, посебно внимание обрнавме на македонската супстанцијалност во мотивот за вампирот. Така на пример, можеше да се констатира дека на територијата на Македонија е распространето верувањето дека една од причините за трансформација на мртовецот во вампир може да биде и принудниот живот во туѓина и копнежот по татковината (кај Вражиновски,1988:13), и со тоа уште еднаш се потврди присуството на карактеристичната и неодминлива печалбарска тема во битствувањето на македонскиот народ, фолклор и култура. Како карактеристични се појавија и македонските верувања, според кои, вампирите живеат како обични луѓе, како месари, а можат да се препознаат според потполно обескрвените заклани животни, како и можноста за нивно уништување од специјални уништувачи наречени вампирџии. Во овој сегмент уште ги набројуваме причините за

[3] популаризацијата на мотивот за вампирот во уметничката литература; појавата на автор-жена, отфрлањето на псевдонимот како средство за прикривање на родовиот идентитет на авторот; губењето на тривијалниот предзнак на приказните за вампирот; *раскажување во прво лице* или говорот на авторот преку свеста на јунакот-вампир; потоа, вметнувањето на *енциклопедиска компонента* во структурирањето на овој вид романи, така што тие се приближуваат кон стремежите на духовно немирниот 18 век - стремежот кон слобода.

повампирување, надворешниот изглед на вампирот, неговите способности - преобразба во животно, во предмет, сенка, ветер и сл., секако, преку народните преданија; се укажува на временскиот период на нивната активност – ноќта, местата на нивното појавување и сл.

Вдлабочувањето во симболичките слики и претстави за вампирот ни откри можности за анализа од аспект на психоаналитичката критика. Притоа укажуваме на архетипската атрибуција на вампирот. Ги аплицираме психоаналитичките теории на Јунг и Фројд, кои фрлија поинакво светло на митот за вампирот и ја демонстрираа неговата версативност како коложег на изразувањето на човековите најпримитивни стравови и фантазии. Во теоријата на Јунг значењето на ликот на вампирот може да се разгледува преку архетипите и архетипските ликови – Сенката, стравот, крвта. А преку психодинамичката теорија на Зигмунд Фројд, ликот на вампирот се разгледува во рамки на *онирички анализи* базирани врз несвесните сексуални фантазии [4] (според Durand,1991:209,258).

Ваквите афинитети на митот за вампирот најдоа своја котва во делот посветен на балканскиот хронотоп и (само)наметнатата состојба на самоизмачување во чии рамки еминентна се покажа релацијата господар-потчинет. Во овој граничен хронотоп или т.н. двојна маргина, стапицата на недефинираноста прогонува и раѓа неиздржлива желба за бегство од привидно институционализираниот систем, и подготовка на теренот за величественото доаѓање на својот господар. Тоа е балканскиот маѓепсан круг на бегства и враќања, напуштања и чезнеења за повторно вгнездување во запустените огништа или за зачувување на новосоздадените позиции. Поларизацијата на сликите околу извесни архетипови (каков што е во овој случај архетипот на вампирот) е предизвикана од културолошките случувања на балканскиот простор. Според Јунг, станува збор за замена на општествено-

---

4Во овие рамки симболично значење добиваат *морбидниот страв* од вампирот или квазирефлексното потекло на *стравот од крвта* и губењето на крвта, потоа ***анималистичката трансформација на вампирот (симболичното значење на волкот, лилјакот, продолжените заби (секачи)),*** стравот од ***сончевата светлина*** како претстава за општеството, релацијата ковчег (во кој се повлекува вампирот) – земја – мајка (матка), Едипалната претстава за инфериорниот син кој го убива својот татко преку процесот на убивањето на вампирот со нож или со популарниот ***колец како фалоцентричен симболизам, потоа симболичното третирање на*** одбранбените ефекти преку ***религиозните икони***, ***крстовите*** и ***светата вода***, како и сегментот за лунарниот симболизам и неговата релација со аграрните митови што се вкрстува со претходното трагање по есенцијата на митот и претставата за вампирот во претходно презентираните митолошки и фолклорни слоеви.

историската типичност со психолошка атипичност и преку таа замена се случува диктат на претежнувањето на одреден состав на слики. Според Диран (Durand,1991:350), таквиот историски притисок, всушност подразбира идеолошки притисок во еден момент на една цивилизација.

Овие балкански културолошки струења, прелевања, балканскиот современ општествен контекст, како и влијанието на балканската историја како преднарација во конструирањето на нов книжевен материјал, се обидовме, преку еден поинаков приод, да ги толкуваме низ дискурсот за вампирот и вампиризмот во три романескни творби кои ѝ припаѓаат на современата балканска книжевност: во македонската „Легионите на свети Адофонис“ од Славко Јаневски, во српската: „Како да се упокои вампирот“ од Борислав Пекиќ, и од хрватската современа книжевност, романот „Вампир“ од Борис Периќ.

Во „Легионите на свети Адофонис“ од македонскиот писател Славко Јаневски, станува збор за амбивалентен субјект и таа е наложена од контекстот во кој тој опстојува борејќи се за сопственото преживување речиси со најпримитивни предзнаци. Во еден таков контекст записите на Борчило се дел од трилогијата наречена „Миракули на грозомората“, чија мотивска нишка е потрагата по идентитетот.

Јаневски, митот за вампирот го користи како можност, на еден алтернативен начин, да го воведе читателот во историските балкански случувања. Притоа тој експериментира со феноменот историја во кој се обединуваат и времето и просторот. Овој феномен е збогатен со обилни *компоненти на психоаналитичката критика*. Но, иако се форсира историската компонента, метафоричната дескрипција кај Јаневски ја надминува егзактната (денотативна) информација или документарноста (според Kramarić,1988: 67; 112-113; Старделов,1983: 236 - 237).

Присуството на вампирот во „Легионите...“ потврдува дека раскажувањето за актуелната вистина или за реално можните настани може да се структурира и според архетипски модели. Со воведувањето на архетипските доминанти се врши релативизација на границата помеѓу реалноста и фикцијата. Се користат искуствата на фолклорната фантастика, на митот и легендата, но само како формално својство на структурата, зашто преку нив, суптилно допирајќи го читателот, авторот продира во есенцијалните вредности на животот.

Преку фигурата на еден вампир, токму низ ликот на Борчило, може да се набљудува метаморфозата на фолклорното во литературно. Поставувајќи го вампирот како канал, како медиум, преку кој Јаневски

доближува два света: светот на митологијата и фолклорот и светот на книжевноста. Со оглед на тоа дека писателот сѐ претвора во метафора, јасно е зошто тој го става митот на почетокот. Целта е еден чисто некнижевен (или полукнижевен) жанр да го претвори во книжевен.

Исказите на Борчило ги третираме како *метадиегетички искази,* затоа што преку нив се исповедаат искуствата на писателот, и неговите лични ставови за уметноста, за историските настани, за животот. Борчило се конфронтира во самиот себеси, некогашниот човек си поставува безброј прашања поврзани и со сопствениот и со колективниот опстанок, се соочува со многубројни сомневања и искушенија (всушност и со сомневањето во сопствениот идентитет). Притоа се поставува себеси во една состојба на „вознемирена совест“ (според Kramarić,1988:50;91).

*Компонентата на неверодостојноста* се обликува не само со поставувањето на една фигура од сферата на имагинацијата каква што е фигурата на вампирот туку и низ користењето на специфични, необични книжевни жанри кои го степенуваат онеобичувањето на приказната. Кај Јаневски тоа е миракулата (црковна претстава (сл. на мистеријата) од 13-14 век, во која продираат народните мотиви и верувања), а кај Пекиќ – сотијата. Кај Periќ, пак, наративот е збогатен со криминалистички и елементи од детективските романи, како и од сферата на психоанализата, и тие елементи, исто така, го досегаат принципот на неверодостојноста.

*Сотијата* на Борис Пекиќ, „Како да се упокои вампирот“ претставува епистоларна проза. Книгата содржи дваесет и шест писма и два пост скриптума, на д-р филозоф Конрад А. Рутковски, професор по средновековна историја на Универзитетот во Хајделберг, упатени на доцентот по историја на 20-тиот век, г-н Хилмар Вајгнер. Но, за разлика од Јаневски, кој играта ја води на линија време-историја-фолклор-мит, во Пекиќевото дело се среќаваме со комплексна хијазмичност помеѓу митот, идеологијата и науката, односно филозофијата. Во ова дело на Пекиќ митот се третира како карактеристична форма на верување на античкиот или на примитивниот човек, и се надоврзува на третманот на идеологијата како карактеристична форма на верување на модерниот човек.

Притоа нарацијата се редуцира на свеста и совеста на главниот протагонист прикажувајќи го како фарсичен лик во сета своја налудничавост и ментална нарушеност. Таквиот чин претставува и лично дистанцирање на авторот од сериозноста на темата која ја зафаќа, а тоа е *скепсата во западноевропската филозофска мисла,* и притоа, паралелно, умешно, ја ползува сатирата како атрибут на

жанрот сотија (според Шаровиќ,2008:245). Таа скепса генерира губење на довербата во моќта на авторитативната мисла и во нејзината варијанта наречена *слободна волја* заснована врз разумот.

*Најинтересно за интерпретација и анализа во ова дело е удвојувањето или повеќекратноста на метафората вампир.* Удвојувањето како постапка овозможува создавање на една мрежа на ликови, настани, локации, време. Преку интерсубјективната говорна ситуација, преку интерактивно соочување на индивидуалните свести и совести, се соочуваат идеологии, етички системи, култури.

*Се поставува прашањето: кој е, всушност, „вистинскиот“ вампир? АЛТЕР ЕГО-то, второто ЈАС на Рутковски,* неговиот претпоставен, SS офицерот Хајнрих Штејнбрехер? Или ликот на Адам Трпковиќ претставен како реален во настаните опишани во 1943-тата, а во 1965-тата година, мртвиот Адам се „повампирува“ и му се прикажува на Рутковски во неговиот хотелски апартман. Според тоа, секој од предочените ликови во делото, би можел да претставува „крвопиец“: Рутковски како паразит кој опстојува во телото на државата, Штејнбрехер како умствен злоставувач на Рутковски, а духот на Адам Трпковиќ како олицетворение на „вампиристичкото“ минато.

Преку промените во класичниот мотив за вампирот, Пекиќ извршил негова демитологизација, и како лик вампирот од доменот на магиското го ситуирал во рамките на секојдневното, или вампирот од прогонет и исклучен член на човечката заедница го преобразил во припадник кон неа. Како алатка со која Пекиќ се послужил да ја изведе оваа неверојатно комплицирана трансформација, секако дека е комичноста при што се создава една неусогласеност помеѓу традиционалниот лик на вампирот како извор на страв, потоа скептичноста и потсмевот преку кои тој е претставен во сотијата. Преку ваквите „ситни“ супституции авторот го вградува митот во ткивото на текстот.

Преку ликот на Адам Трпковиќ, пак, може да се разгледува теоријата за абјектноста на Јулија Кристева, за која сметаме дека целосно е инкорпорирана во фигурата на вампирот. Низ елаборирање на теоријата за абјектноста се наметнува и улогата на необичниот чадор во ова дело на Пекиќ.

Во романот „Вампир“ од Борис Периќ, пак, низ компонентите на вампиристичкиот дискурс може да се анализира современиот општествен строеж на балканските простори. Најпрво, враќањето на капиталистичкиот поредок на Балканот по распаѓањето на југословенската федерација, Периќ го третира како повампирување. Тој процес го наметнува и начинот на комуникација помеѓу луѓето на овие простори

стимулиран од конкуренцијата која ја наметнува пазарот на трудот во современите процеси на глобализација забележувајќи дека во секој човек се крие посебен вид на вампир. Како подлога за својата вампиристичка приказна, Периќ ќе ја земе фолклорна предлошка - *преданијата за истарскиот вампир Јуре Грандо*.

Но, набрзо, вампирот на Периќ ќе прерасне во слика за моралната и духовна дигресија на современото (хрватско/балканско/светско) општество, во метафора за балканската „митологија на крвта". Метафората за вампирот Периќ ја поврзува со вината и одговорноста, а во поширока смисла и со идентитетот. За продорот на метафората во секојдневниот живот голема заслуга ѝ се припишува на медиумската сфера која ја искористува примитивната компонента во предлошката и фигуративноста во говорот. Друг аспект е компарирањето на политичките активисти со ликот на Ренфилд во романот *Дракула* на Брам Стокер. Во современите општествени строежи, особено на Балканот, тие му наликуваат на вампировите поданици чијашто слепа вера во мисијата на партиските начела, отелотворени во ликот на мудриот челник или визионер, ги води кон безусловно согласување и покорување пред неговата волја заборавајќи на сопствената. Приврзаноста кон замислениот господар (Ренфилдов синдром) отвора можности вампиризмот да се анализира и како метафора за егзистенцијалните стравувања и непријатности на една беспомошна единка во едно искористувачко општество. Зашто современиот човек, свесно или несвесно, доброволно или принудно, но речиси без можност за избор, ја положува својата телесна сила, својата *крв* на олтарот на својот нов бог: парите и другите материјални богатства.

На крајот, ќе истакнеме дека наша намера беше да укажеме на можноста, понудените „книжевни дела да се читаат и како реторички расправи кои преку фигуративни изрази полемизираат за односот буквално/метафорично" (Culler, 1991: 159). Оваа анализа укажува на можноста за расчленување на отворени и на прикриени односи помеѓу темелот и надградбата или помеѓу институцијата и мислата. Сопоставувајќи ги науката и интерпретацијата, општоста и поединечноста, како две алтернативни можности, во духот на деконструкцијата, испревртувајќи ја хиерархиската устроеност, всушност, се обидовме во оваа интерпретативна анализа само да го докоснеме *значењето* како производ од заемното делување на кодот и конвенцијата.

**Литература:**

Будимир, Милан.1969. *Са балканских источника*. Београд: *Српска књижевна задруга* (основана 1892). КОЛО LXII КЊИГА 417: 213. 165-192.

Вражиновски, Танас. Спировска, Лепосава.1988. *Вампирите во македонските верувања и преданија.* Скопје. Институт за фолклор „Марко Цепенков". „Нова Македонија": 98.

Георгиев., Вл., Гълъбов, Ив., Заимов, Й., Илчев, Ст.1962. *Български етимологичен речник*. Софија: Издателство на българската академия на науките. Българска академия на науките: Институт за български език: *вампѝр*:117.

Дуев, Ратко.2010. *Ѕевс и Дионис: раѓање на античките верувања и култови*. Скопје: *Силсонс*. 254.

Даскалова,Л., Добрева,Д., Коцева,И., Мицева,Е.1985. *Сборник за народни умотворения и народопис, Народна проза од Благоевградски окръг (нови записи)* LVIII, София, 376-381.

Ђорђевић, Тихомир.1953. *Вампир и друга бића (у нашем народном веровању и предању).*Београд: *САНУ*.

Јаневски, Славко.1987. *Миракули на грозомората. Легионите на свети Адофонис*. Скопје: *Македонска книга*. 457.

Малинов, Зоранчо.2001. *Посмртните обичаи во брегалничката област*. Скопје: Институт за фолклор „Марко Цепенков"*:*181.

Спивак, Чакавотри.2003. *Постколонијална критика*. Скопје: *Темплум*. 47.

Старделов, Георги.1983. *Experimentum macedonicum*. Скопје: *Македонска книга*: 292.

Ќулавкова, Катица (ур).2007. *Поимник на книжевната теорија*. Скопје: *МАНУ*: 669.

Урошевиќ, Влада.1988. *Демони и галаксии*. Скопје: *Македонска книга*.

1991.*Митската оска на светот*:10. (http://loza.mk/2012/12/mitskata-oska-na-svetot)

Чајкановић, Веселин.1973. *Мит и религија у Срба*. Београд: *Српска књижевна задруга*. 340.

Черных, П. Я.1999. *Историко-этимологический словарь современного русского языка. 13 560 слов: 3-е издание, стереотипное.* Том I. А-пантомима. Москва: Издательство „Русский язык": 135, од. вампир).

Шаровић, Марија.2008. *Метаморфозе вампира:(компаративна анализа мотивског комплекса вампира у делима Р. Метисона, Б. Пекића, Б.Вијана и С. Лукјањенка).* Београд: *Институт за књижевност и уметност*: 369.

**Латинична:**

Culler,Jonathan.1991. *O dekonstrukciji: teorija I kritika poslije strukturalizma*. Zagreb: *Globus*: 276.

Durand,Gilbert.1991. *Antropoloske strukture imaginarnog*. August Cesarec: Zagreb: 411.

Kramarić, Zlatko.1988. *Novi Experimentum Macedonicum.* Osijek: Izdavački centar ,,Revija", Radničko sveučilište ,,Božidar Maslarić": 246.

Lovmjanjski, Henrik.1996. *Religija Slovena*. Beograd: *Slovograf*: 315.

Pekić, Borislav.1984. *Kako upokojiti vampira.* Beograd: IRO: ,,Partizanska knjiga" – Ljubljana OOUR izdavačko publicistička delatnost: 407.

Perić, B.2006. *Vampir.* Zagreb : *Naklada Ljevak*: 293.

Skok, Petar.1972/73. *Etimologijski rječnik Hrvatskoga ili Srpskoga jezika*. knj.2-3. Zagreb. *piriti*: knj.2: 660-661; *vampir*: knj.3: 564-565).